ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 21.09.2010

# Соопштение

## Во врска со денешниот протест на здружението на деца со оштетен слух

Почитувани,

Ставот на Фондот е дека според Законот за здравствено осигурување и Правилникот на Фондот, децата со посебни потреби со утврден статус од Министерството за труд и социјална политика, на кои е потребно вградување на слушни протези не учествуваат во вкупните трошоци на здравствените услуги.

Фондот го разбира револтот на родителите, но се работи за случаи за кои се донесени решенија за лекување во странство во управна постапка и најголемиот број од нив се за периодот 2003-2006 година, согласно Правилникот од 2001 година.

Против решенијата во рок од 15 дена осигурениците имале право да поднесат жалба, а како друга правна мерка и по решението од жалбата можеле да покренат и управен спор. Осигурениците не постапиле согласно правната поука на решението и го искористиле своето право за лекување во странство.

Осигурениците во 2009 и 2010 година имаат започнато судски постапки по ова прашање. Фондот како и секогаш ќе постапи согласно одлуките од судот по нивно донесување и доставување.

Бранко Аџигогов

Портпарол